**Вклучување нови точки и одлуки во Дневниот ред**

Акционерите што поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас можат да предложат дополнување на Дневниот ред со барање за вклучување нови точки и да предложат усвојување одлука кон точката што е вклучена или што ќе бидат вклучени во Дневниот ред на Собранието.

Кон барањето за вклучување нови точки на Дневниот ред на седницата на Собранието на акционери, акционерите истовремено треба да приложат и образложение за предложената точка за дополнување на Дневниот ред или за предложената одлука по предложената точка.

Барањето со образложението или предложената одлука се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот - физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот - правно лице.

Заедно со барањето, акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

- За акционер - физичко лице се приложува:

- Извод /во оригинал/ од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, не постар од три дена;
- Копија од важечка лична карта или пасош.

- За акционер - правно лице се приложува:

- Извод /во оригинал/ од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, не постар од три дена;
- Последна тековна состојба од Централниот регистар /во оригинал/, не постара од седум дена;
- Копија од важечка лична карта или пасош на законскиот застапник.

Барањето, заедно со документите за идентификација, треба да бидат доставени во ТТК Банка АД Скопје најдоцна до 8.6.2019 година до 16:00 часот.

Адреса на која се доставува барањето:
ТТК Банка АД Скопје
/Секретаријат/

ул.„Народен фронт“ бр.19А
1000 Скопје

/со назнака: за XXXI седница
на Собрание на акционери/